# Нет.Бит Датацентар

Датацентар

**ПРИЛАГОДЛИВОСТ**

Користењето на **Нет.Бит Датацентар** овозможува лесни и брзи надградби, со оглед на расположливите капацитети и нивната дистрибуираност на повеќе физички локации.

**ФИКСНИ ТРОШОЦИ**

За една фиксна цена се обезбедува користење на потребната инфрастуктура, комуникации, системски софтвер, одржување, бекап, системска администрација и регулаторна и процесна усогласеност. Со тоа, оперативните трошоци на клиентите се намалуваат и се под целосна контрола.

**ФИНАНСИРАЊЕ**

Набавката на нови софтверски лиценци или специјална опрема по барање на нашите клиенти ја реализираме преку разни модели на финансирање и лизинг.

**ЕКОНОМИЧНОСТ**

**Нет.Бит Датацентар** е димензиониран да биде достапен за повеќе институции, а истовремено да понуди максимална сигурност, дискреција и доверливост за секој од клиентите.

**СТАНДАРДИ**

**Нет.Бит Датацентар** работи според светските стандарди ISO27001, ISO20000 и ISO9001.

**ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА**

Дескот за техничка поддршка (Help-Desk) и Интернет порталот за пријавување на инциденти се на располагање на клиентите 24x7x365.

**ВРАБОТЕНИ**

Во моментов нашите вработени се носители на преку 70 важечки стручни сертификации.

## Запознајте ја иднината на Вашиот IT

**Нет.Бит Датацентар** е информатичко-комуникациски центар со високи перформанси, капацитет, безбедност и редунданција, наменет за изнајмување на информатички услуги на клиенти од финансискиот сектор и други поголеми организации.

Основан е во 2007 година, а пуштен е во работа во јуни 2008 година. Го користат повеќе реномирани клиенти, и тоа за различни намени: како резервна локација за критични операции, како примарен ИТ центар, за бекап на податоци, колокација на опрема итн.

Следејќи ги најновите трендови во информатичката технологија, **Нет.Бит Датацентар** прерасна во IT Cloud (Облак) ориентиран датацентар. Од првичната една систем сала, од која ги нудевме основните датацентар услуги, стигнавме до три (две во Велес и една во Скопје) систем сали, од кои ја вршиме испораката на cloud услугите. Со користењето на cloud услугите, интегритетот и безбедноста на податоците на клиентите во ниту еден момент не е загрозена, а при тоа се обезбедува достапност на податоците и ревизорска трага.

Досегашната успешна работа на датацентарот е потврдена од најпознатите ревизорски компании, потоа внатрешни ревизии од неколку македонски банки кои немаат пронајдено забелешки за работата на датацентарот.

Исто така **Нет.Бит Датацентарот** има добиено потврда од НБРМ дека ги задоволува нивните стандарди за хостирање на услуги на финансиските институции во РМ.

Користењето на **Нет.Бит Датацентар** овозможува далеку поекономично решение за ИТ и деловни операции, со исти карактеристики и перформанси како и поединечна инвестиција во сопствена системска сала и опрема или во објект за деловен континуитет.

Примарен фокус во работењето е ставен на егзактните параметри за деловен континуитет - Recovery Time Objectives (RTOs) and Recovery Point Objectives (RPOs), кои достигнуваат до 15 минутна обнова или пократко, на бизнис-критичните апликации и сервиси кои се круцијални за функционирањето на организациите.

Ваквото решение опфаќа:

Опремување со неопходна хардверска опрема согласно усогласена спецификација и нејзино држење во постојан работен режим,

Опремување на дополнителни две систем сали од кои едната е во Скопје, и меѓу другото служи и како алтернативна локација на **Нет.Бит Датацентарот**,

Инсталација и одржување на соодветна верзија на оперативните системи и апликативните решенија, доставени од страна на клиентот,

Одржување на ажурирана состојба на базите на податоци,

Одржување на комуникациски врски, со повеќе алтернативни рути на пристап.

## Услуги:

- **IaaS-Infrastructure** as a service (Сервери, уреди за складирање, мрежна опрема и оперативни системи како on-demand услуга).
- **PaaS-Platform as a service** (Платформа која обезбедува брзо и квалитетно креирање на апликации без потреба од набавка и одржување на софтвер и инфраструктурата);
- **SaaS-Software as a Service** (Софтвер и соодветни лиценци, дистрибуиран како on-demand услуга или "pay-as-you-go" модел);
- **VPS Hosting** (Хостирање на виртуелен приватен сервер)
- **Data Center outsourcing** (Управување со информатичка инфраструктура за трети лица ,,Managed IT Services");
- **DRL Services** (Резервна/алтернативна локација за работа на критични деловни процеси и системи;
- **Backup Services** (Бекап на податоци).
- **Colocation** (Колокација на постоечката корисничка опрема)

## Клиенти на Нет.Бит Датацентар:

**Нет.Бит** гради партнерски односи со клиентите во разбирањето и решавањето на нивните деловни потреби со изнаоѓање на напредни ИТ решенија кои ќе им обезбедат поголема конкурентност, квалитет и раст на нивниот бизнис. Некои од досегашните клиенти на **Нет.Бит Датацентарот** се:

- АД Македонска Пошта Скопје
- Дајнерс Клуб Интернационал
- Еуростандард Банка АД Скопје
- Поштенска Банка АД Скопје
- Рамстор Македонија
- СОС Детско село

## Од нашите клиенти:

***БОЖИДАР ЈАНКОВСКИ,***
*Директор на Дајнерс Клуб:*

Во 2009 година Дајнерс Клуб реши да пренесе дел од своите ИТ операции во Нет.Бит Датацентар.

**КВАЛИТЕТ**

Користењето на Нет.Бит Датацентар за извршување на дел од нашите ИТ операции ни овозможува да се фокусираме на нашата основна дејност и придонесе за подобра услуга на Дајнерс Клуб Македонија кон нашите клиенти.

**ТРОШОЦИ**

Со користењето на услугите за мрежна и системска администрација, надградби, бекап, поправки и одржување, значително е намален обемот на операции што ги изведуваме во Дајнерс, а со тоа и оперативните трошоци. При тоа, не чувствуваме никаков проблем во однос на нашата ефикасност и оперативност.

**НАБАВКИ**

Набавката на нови софтверски лиценци и опрема ја реализираме преку користење на лизинг услуги од Нет.Бит Датацентар.

**СИГУРНОСТ**

Достапноста на услугите на Дајнерс Клуб е зголемена во изминативе 3 години откако го користиме Нет.Бит Датацентар. Покрај тоа, нашите системи се управуваат според највисоки стандарди за безбедност на информациите, согласно стандардот ISO27000.

---

***ЈУЛИЈАНА ГАПО,***
*Национален Директор на СОС Детско Село:*

Како регионален ИТ центар на СОС Детско село за Европа, примарна цел ни беше да ги задоволиме строгите критериуми за заштита на податоците и нивна достапност. Долгогодишното искуство, професионализмот во работата и меѓународните сертификати, го издвојуваат Нет.Бит Датацентар како единствен во Македонија, на кого можевме да му ја довериме оваа задача.

Придобивките од оваа соработка се повеќекратни: Не постои почетна инвестиција, намалени оперативни трошоци, лесно и брзо зголемување на капацитетите, усогласеност со безбедносни регулативи и Service Level Agreement кој обезбедува секогаш достапен пристап до нашите податоци и навремена техничка поддршка.


**Нет.Бит Доо**
бул. Партизански одреди 18А, 3. Кат, 1000 Скопје, Р. Македонија
Тел.: + 389 2 32 98 533 Факс: + 389 2 32 98 533
Email: contact@netbit.mk

**Нет.Бит Датацентар**
ул. Никола Оровчанец бр.11, 1400 Велес, Р. Македонија
Тел.: + 389 43 212 742
Email: datacentar@netbit.mk

**www.netbit.mk**